Пишува:
Александар КЕЛТАНОСКИ

PEUGEOT "908 RC" КОНЦЕПТ СО ТРКАЧКО СРЦЕ

Со најновиот концепт на моделот "908 RC", наскоро Peugeot најавува учество на трката "24 часа Le Man", но и промоција на новиот, радикален дизајн, кој го "опипува" пулсот на пазарот. За погонот е наменет V12 HDI дизел мотор од 700кс, кој веќе идната година ќе ги придвижува тркачките болиди на Peugeot. Каросеријата е изработена од јаглени влакна, засилени со додатоци од алуминиумска структура. Ентериерот нуди врвна hi-tech опрема, која обезбедува максимална удобност и сигурност за четири патници.

NATALIA SLS 2



Американскиот бизнисмен Alfred DiMora планира да го произведе најлуксузниот автомобил на светот, кој годишно ќе се "штанца" во само 50 примероци. Natalia SLS 2 ќе чини само 2 милиона евра. За тие пари, на потенцијалните купувачи, ќе им се нуди возило со 16-цилиндарски мотор, со 1.200 кс, погон на сите четири тркала, како и боја на каросеријата која ќе се менува во зависност од надворешната температура. DiMora е милионер кој во 80-тите години беше на чело на Clenet, која произведуваше двоседи стилизирани како возилата од 30-тите години. Тој планира производството да го почне од 2008 година и годишно да произведува по 50 парчиња од најлуксузните спортски седани. Со помош на веб камерите поставени во фабриката, купувачите ќе можат да го следат процесот на производство на нивниот примерок.

COMBAT T-98

Дали можете да замислите возило покрај кое Hummer изгледа беспомошен? Не морате да се трудите, тука е Combat T-98, најбруталната играчка на четири тркала, која Русија некогаш ја видела. Компанијата "Combat Armouring Group", со седиште во околината на Санкт Петерсбург, одлучи да понуди одговор на сè поголемата побарувачка на блиндирани возила. Но, покрај конкуренцијата, за успех таа требаше да понуди повеќе. И, така е создаден Combat T-98, најбрзото блиндирано возило на светот. Според официјалните податоци, Combat постигнува брзина дури од 180 км/ч. Combat T-98 настана од идеја за воено возило, кое е прилагодено на секојдневните потреби на руските благородници и на самата власт. Возилото се нуди во две изведби. "Кратка", во должина од 5.150мм, додека "Лонг" изведбата е долга 5.350мм (доплата од 11.500 УСД). Во двете верзии масата на возилото изнесува повеќе од 5 тони. Што се однесува до степенот на заштита, производителот со 17-годишно искуство зад себе, е подготвен да понуди сè.

ФЛЕШ ВЕСТИ

OPEL НАЈАВУВА МИНИ АВТОМОБИЛ

Opel планира до 2010 година во А сегментот да претстави мал автомобил, позициониран под новата Corsa, базиран на платформата на новиот Chevrolet Spark (Matiz) или Aveo. Информацијата доаѓа од годинашниот Саем на автомобили во Париз. Претставувањето на овој мал автомобил за Opel би значел многу значаен чекор, имајќи го предвид фактот дека продажбата на мини автомобили се зголемила за 15,3 отсто. Во овој сегмент, по бројот на продажба, води "чешката тројка" (Toyota Aygo, Citroen C1 и Peugeot 107). Во моментов, во овој сегмент претставник на Opel е моделот Agila, која следната година би требало да биде претставена во нов облик, повторно базирана на моделот на Suzuki Wagon R+. И двата автомобила ќе се произведуваат во Унгарија.

НАГРАДА ЗА KIA MAGENTIS И KIA KARNIVAL

Сопствениците на Magentis и на Karnival го препознаваат квалитетот на овие возила според сопственото искуство. Сеул, 10 октомври, 2006 година. Сопствениците на Magentis и на Karnival го искажаа своето огромно задоволство од своите возила. Имено, овие два модела се добитници на престижната награда која ја доделува Strategic Vision за 2006 година, според индексот на вкупна вредност на возилото (TVI - Total Value Index). Истражувањата кои се вршат во Сан Диего се базирани на непроменливи калкулации во однос на различни економски бенефиции и вкупниот квалитет на возилото според искуствата на сопствениците.